**Учество на Конференција**
**„Прв состанок на Балканска Конкурентска Платформа“**
**Истанбул**
**30 Септември 2024 година**




На 30 Септември 2024 година во Истанбул, Турција се одржа Конференција – „Прв состанок на Балканска Конкурентска Платформа“, во организација на Турската конкурентска управа.

Балканска Конкурентска Платформа се формира по иницијатива на Турската Конкурентска управа со заеднички напори и учество на конкурентските органи на балканските земји – Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Црна Гора, Романија и Северна Македонија, со цел да се обезбеди регионална соработка во спроведувањето на законодавството за конкуренција преку размена на знаења, искуство и најдобри практики.

Конференцијата ја отвори претседателот на Турската Конкурентска управа Бирол Куле. Свое излагање на оваа конференција имаше претседателката на Комисијата за заштита на конкуренцијата Ана Николоска, која ја претстави Комисијата и нејзината работа. Свое излагање имаа и претседателите на останатите конкурентските управи членки на платформата.

На конференцијата од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија покрај претседателката Ана Николоска, присуствуваа и членот Розана Ванковска и раководителот на одделение Соња Дејанова Лапе.